РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 02-452/1
11.05 2026 год.
РОСОМАН

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 17-а став 2, член 26 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите, донесен од Министерство за економија и труд („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024), а согласно Заклучокот од страна на Комисијата за селекција и избор на кандидати за членови на НО со бр.08-415/1.9 од 29.04.2026 година, постапувајќи по предлог на Градоначалникот на Општина Росоман, Советот на Општина Росоман, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК бр.03/26

**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик е спроведување на постапка за избор на 3 (три) членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности „РОСОМАН“ – Росоман, со седиште на ул.„Гоце Делчев“ бб, Росоман.

Основна дејност на претпријатието е 38.11 – Собирање на безопасен отпад.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите, донесен од страна на Министерство за економија и труд („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Росоман https://opstinarosoman.gov.mk/.

## 3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Покрај исполнувањето на горенаведените услови, членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН" – Росоман треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство;
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН" – Росоман изнесува 4 (четири) години, со право на уште еден последователен мандат.

## 4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Согласно член 27 од Законот за јавните претпријатија, надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење ги извршува следните работни задачи, одговорности, права и обврски и тоа:

- Заради вршење на работите на контрола надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.
- Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.
- Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.
- Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку тоа е утврдено со статутот на јавното претпријатие.
- Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.
- Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на

надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.

- Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

## 5. НАДОМЕСТОК

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

## 6. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Заинтересираните лица по јавниот повик како доказ за исполнување на условите треба да достават:

- Образец за пријавување;
- Кратка биографија;
- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија (не постаро од шест месеци);
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие;
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Потврда за евидентиран стаж од Фондот за пензиско и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија и Потврда од Агенција за вработување на РСМ;
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

## 7. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ

Постапката за селекција на кандидатите за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман се состои од две фази и тоа:

- **ФАЗА 1** – административна селекција ( фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите во јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и
- **ФАЗА 2** – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.)

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Росоман https://opstinarosoman.gov.mk/.

## 8. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Заинтересираните лица по јавниот повик поднесуваат пополнета пријава (на образец – даден во прилог на јавниот повик) со потребната документација и доказите во хартиена форма (во оригинал или копија заверена на нотар) преку архивата на Општина Росоман, секој работен ден од 08:00 часот до 16:00 часот или по пошта со назнака „За јавен повик бр.03/26 за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН" – Росоман".

Рокот за доставување на пријавата трае 5 (пет) дена, почнувајќи од денот на објавување на повикот.

Незадоволните кандидати од изборот за членови во надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Напомена:** Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок во јавниот повик нема да се разгледуваат од страна на Комисијата за селекција.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**